# РЕГУЛАТИВА (ЕЗ) бр. 1085/2006 НА СОВЕТОТ од 17 јули 2006 година за воспоставување на Инструментот за претпристапна помош (ИПА)

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за основање на Европската заедница, а особено член 181а од истиот,

имајќи го предвид предлогот на Комисијата,

имајќи го предвид мислењето на Европскиот парламент([1]),

имајќи го предвид мислењето на Комитетот на регионите([2]),

со оглед на тоа што:

(1) За да се подобри ефикасноста на надворешната помош на Заедницата предвидена е нова рамка за програмирање и за испорачување на помошта. Сегашниот инструмент претставува еден од општите инструменти кои директно ги поддржуваат политиките на европската надворешна помош.

(2) Член 49 од Договорот на Европската унија утврдува дека која било европска држава што ги почитува принципите на слобода, демократија, почитување на човековите права и основните слободи, како и владеењето на правото, може да поднесе барање за членство во Унијата.

(3) Апликацијата на Република Турција за членство во Европската унија беше прифатена од Европскиот совет во Хелсинки во 1999 година. Веќе од 2002 година Република Турција имаше можност да располага со претпристапна помош. На 16 и 17 декември 2004 година Европскиот совет во Брисел препорача започнување на преговорите со Турција за пристапување кон ЕУ.

(4) На состанокот во Санта Марија да Феира одржан на 20 јуни 2000 година, Европскиот совет нагласи дека земјите од Западен Балкан се потенцијални кандидати за членство во Европската унија.

(5) На состанокот одржан во Солун на 19 и 20 јуни 2003 година, Европскиот совет ги повтори заклучоците од средбата во Копенхаген,декември 2002 година, и од Брисел, март 2003 година, и ја нагласи својата определба целосно и ефективно да ја поддржи европската перспектива на земјите од Западен Балкан, укажувајќи на тоа дека тие ќе станат составен дел на Европската унија откако ќе ги исполнат воспоставените критериуми.

(6) На состанокот одржан во Солун во 2003 година Европскиот совет, исто така, потврди дека Процесот на стабилизација и асоцијација ќе претставува општа рамка за европскиот курс на земјите од Западен Балкан сè до нивното идно пристапување.

(7) Во својата резолуција во врска со заклучоците од Европскиот совет од Солун, Европскиот парламент го призна фактот дека секоја од државите од Западен Балкан се движи кон пристапување, но истовремено инсистираше на тоа секоја држава да се оценува според нејзините сопствени заслуги.

(8) Оттука, сите држави од Западен Балкан се сметаа за потенцијални земји-кандидатки, но сепак, треба да се прави јасна разлика меѓу земјите-кандидатки и потенцијалните земји-кандидатки.

(9) На 17 и 18 јуни 2004 година Европскиот совет од Брисел препорача започнување на преговорите со Хрватска за пристапување кон ЕУ.

(10) На 15 и 16 декември 2005 година Европскиот совет во Брисел реши на Република Македонија да ѝ даде статус на земја-кандидатка.

(11) Натаму, на 16 и 17 декември 2004 година Европскиот совет од Брисел препорача Европската унија паралелно со преговорите за пристапување да се вклучи и во интензивен политички и културен дијалог со секоја земја-кандидатка.

(12) Во интерес на кохерентноста и доследноста на помошта од Заедницата, помошта за земјите-кандидатки, како и за потенцијалните земји-кандидатки, треба да се дава во контекст на кохерентна рамка, при што ќе се земе предвид стекнатото искуство од претходните претпристапни инструменти, како и Регулативата на Советот (ЕЗ) бр. 2666/2000 од 5 декември 2000 година за помош на Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Сојузна Република Југославија и на Република Македонија ([3]). Помошта, исто така, треба да биде доследна и со политиката на развој на Заедницата, во согласност со член 181а од Договорот за Европската заедница.

---

[1] Мислењето е доставено на 6 јули 2006 година (сè уште не е објавено во *Службениот весник*).

[2] Сл. весник на ЕУ C 231, 20.9.2005 год., стр. 67.

[3] Сл. весник на ЕУ L 306, 7.12.2000 год., стр. 1 Регулативата последно изменета со Регулативата (ЕЗ) бр. 2112/2005 (Сл. весник на ЕУ L 344, 27.12.2005 год., стр. 23).

(13) Помошта за земјите-кандидатки, како и за потенцијалните земји-кандидатки треба да биде насочена кон поддршка на нивните напори за зајакнување на демократските институции и на владеењето на правото, за реформа на јавната администрација, спроведување на економските реформи, почитување на човековите и на малцинските права, промовирање на половата еднаквост, поддржување на развојот на граѓанското општество и унапредување на регионалната соработка, како и за помирување и реконструкција, и да придонесе за одржлив развој и за намалување на сиромаштијата во овие држави. Оттука, таа треба да се стреми кон еден поширок опфат на мерки за институционална надградба.

(14) Помошта за земјите-кандидатки треба дополнително да биде насочена кон донесување и спроведување на севкупното *acquis communautaire*, особено кон подготвување на земјата-кандидатка за спроведување на земјоделската и на кохезионата политика на Заедницата.

(15) Помошта за потенцијалните земји-кандидатки може да вклучува и делумно усогласување со *acquis communautaire,* како и поддршка за инвестициските проекти, особено за оние кои имаат за цел да ги надградат управните капацитети во областа на регионалниот развој, развојот на човечките ресурси и руралниот развој.

(16) Помошта треба да се обезбедува врз основа на една сеопфатна повеќегодишна стратегија која ги одразува приоритетите на Процесот на стабилизација и асоцијација, како и стратегиските приоритети на процесот на претпристапување.

(17) За да помогне во финансискиот дел на оваа стратегија, но притоа да не е во спротивност со правото на надлежните за буџет, Комисијата треба да ги изнесе своите намери во врска со финансиските алокации предложени за претстојните три години, во форма на повеќегодишна индикативна финансиска рамка, како составен дел на својот годишен пакет за проширување.

(18) Помошта за транзиција и институционална надградба и компонентата за прекугранична соработка треба да им бидат достапни на сите земји-кориснички, со цел да им се помогне во процесите на транзиција и во нивното приближување кон ЕУ, како и за да се поттикне регионалната соработка меѓу нив.

(19) Компонентите за регионален развој, за развој на човечки ресурси и за рурален развој треба да им бидат достапни само на земјите-кандидатки кои се акредитирани за управување со фондовите на децентрализиран начин, за да им помогнат да се подготват за периодот по пристапувањето, особено за спроведувањето на политиките на Заедницата за кохезија и за рурален развој.

(20) Потенцијалните земји-кандидатки и земјите-кандидатки кои не се акредитирани за управување со фондовите на децентрализиран начин, преку помошта за транзиција и институционалната надградба, треба да се квалификуваат за мерки и за активности од слична природа како оние што им се достапни преку компонентите за регионален развој, за развој на човечки ресурси и за рурален развој.

(21) Со помошта треба да се управува во согласност со правилата за надворешна помош содржани во Регулативата на Советот (ЕЗ, Евроатом) бр. 1605/2002 од 25 јуни 2002 година за финансиската регулатива применлива за општиот буџет на Европските заедници[1], при што се користат структурите кои веќе се покажале како вредни во процесот на претпристапување, како што се децентрализираното управување, твининг и ТАИЕКС (Инструмент за размена на информации за техничка помош), но треба да се овозможат и иновативни приоди, како што е спроведувањето преку земјите-членки со заедничко управување, во случај на прекуграничните програми на надворешните граници на Европската унија. Во тој контекст, за корисниците на оваа Регулатива треба да биде особено полезно пренесувањето на знаењето и на стручноста во однос на спроведувањето на *acquis communautaire* од страна на земјите-членки кои имаат значајно искуство на тој план.

(22) Она што е неопходно за спроведување на оваа Регулатива се мерките на управување поврзани со спроведувањето на програмите со суштински буџетски импликации. Оттука, тие треба да бидат донесени во согласност со Одлуката 1999/468/ЕЗ на Советот од 28 јуни 1999 година за утврдување на постапките за реализација на надлежностите пренесени на Комисијата[2] со доставување на повеќегодишните индикативни планирачки документи до Управниот комитет.

(23) Годишните или повеќегодишните програми на хоризонтална основа и по држава за спроведување на помошта според компонентите за помош за транзиција и институционална надградба и за прекугранична соработка треба, исто така, да бидат доставени до Управниот комитет, во согласност со Одлуката 1999/468/ЕЗ.

(24) Повеќегодишните програми за спроведување на компонентите за регионален развој, за развој на човечки ресурси и за рурален развој треба, исто така, да бидат доставени до Управниот комитет, во согласност со Одлуката 1999/468/ЕЗ. Бидејќи овие активности ќе бидат тесно поврзани со Структурниот фонд и со практиките на рурален

---

[1] Сл. весник на ЕУ L 248, 16.9.2002 год., стр. 1.
[2] Сл. весник на ЕУ L 184, 17.7.1999 год., стр. 23.

развој, тие треба колку што може повеќе да ги искористат постојните комитети за структурните фондови и за руралниот развој кои се во функција.

(25) Онаму каде што Комисијата ја спроведува оваа Регулатива преку централизирано управување, таа треба да води сметка за да ги заштити финансиските интереси на Заедницата, особено преку примената на правилата и стандардите на *acquis communautaire* во тој однос, а онаму каде што Комисијата ја спроведува оваа Регулатива преку други форми на управување, финансиските интереси на Заедницата треба да бидат заштитени со склучување на соодветни договори, со задоволително ниво на гаранции во тој поглед.

(26) Правилата за определување на квалификуваноста за учество на тендери и за склучување договори за грант, како и правилата за потеклото на набавките, треба да бидат утврдени во согласност со најновите случувања во Европската унија во однос на распределбата на помошта, но треба да бидат флексибилни за да може да се реагира на новите случувања во оваа област.

(27) Кога земјата-корисничка ќе ги прекрши принципите врз коишто е заснована Европската унија или кога незадоволително напредува во однос на Копенхагенските критериуми и приоритетите наведени во Европското партнерство или во Партнерството за пристапување, Советот мора, врз основа на предлог на Комисијата, да биде во можност да ги преземе сите неопходни мерки. Треба веднаш да му се обезбедат целосни информации на Европскиот парламент.

(28) Треба да се предвидат одредби според кои Советот ќе може да ја измени оваа Регулатива по пат на поедноставена постапка во однос на статусот на земјата-корисничка, онака како што е дефинирано во оваа Регулатива.

(29) Земјите кои се кориснички на другите регионални инструменти за надворешна помош треба, врз основа на принципот на реципроцитет, да можат да учествуваат во активностите од оваа Регулатива, онаму каде што тоа ќе понуди дополнителна вредност на сметка на регионалната, прекуграничната, транснационалната или глобалната природа на дадената активност.

(30) Бидејќи целта на оваа Регулатива, прогресивното усогласување на земјите-кориснички кон стандардите и политиките на Европската унија, вклучувајќи го, онаму каде што е соодветно, и *acquis communautaire,* во поглед на идното членство, не може да се постигне на задоволително ниво од страна на земјите-членки, туку е подобро да се постигне на ниво на Заедницата, Заедницата може да донесе мерки во согласност со принципот на супсидијарност, онака како што е предвидено во член 5 од Договорот за Европската заедница. Во согласност со принципот на пропорционалност, онака како што е определен во истиот член, оваа Регулатива не оди понатаму од она што е неопходно за да се постигне оваа цел.

(31) Со оглед на тоа што член 181а од Договорот за Европската заедница предвидува мерките во областа на економијата, финансиите и техничката соработка со трети држави да бидат комплементарни со оние што се спроведуваат во земјите-членки, Комисијата и земјите-членки се залагаат да обезбедат координација, кохерентност и комплементарност на нивната помош, во согласност со утврдените насоки од ЕУ 2001 за зајакнување на оперативната координација помеѓу Заедницата и земјите-членки во областа на надворешната помош, а особено преку редовни консултации и чести размени на релевантните информации во текот на различните фази од циклусот на помошта.

(32) Упатениот финансиски износ, во рамките на значењето на точка 38 од Интеринституционалната спогодба од 17 мај 2006 година меѓу Европскиот парламент, Советот и Комисијата за буџетска дисциплина и за разумно финансиско управување[1], е вклучен во оваа Регулатива за целото времетраење на овој инструмент, без притоа да влијае на надлежностите на надлежните за буџет, онака како што се дефинирани во Договорот за Европската заедница.

(33) Институцијата на новиот систем на претпристапна помош на Заедницата ја наметнува потребата од укинување на Регулативата (ЕЕЗ) бр. 3906/89 на Советот од 18 декември 1989 година за економска помош на Република Унгарија и на Народна Република Полска[2]; Регулативата (ЕЗ) бр. 2760/98 на Комисијата од 18 декември 1998 година за спроведувањето на програмата за прекугранична соработка во рамките на ФАРЕ програмата[3]; Регулативата (ЕЗ) бр. 1266/1999 на Советот од 21 јуни 1999 година за координација на помошта на земјите-барателки на членство во рамките на претпристапната стратегија[4]; Регулативата (ЕЗ) бр. 1267/1999 на Советот од 21 јуни 1999 година за воспоставување инструмент за структурни политики за претпристапување[5]; Регулативата (ЕЗ) бр. 1268/1999 на Советот од 21 јуни 1999 година за поддршката на Заедницата за претпристапните мерки за земјоделски и за рурален развој на земји-барателки на членство од Средна и од Источна Европа во периодот на претпристапување[6]; Регулативата (ЕЗ) бр. 555/2000 на Советот од 13 март 2000 година за спроведувањето на работата во рамките на претпристапната стратегија за Република Кипар и за Република Малта[7]; Регулативата (ЕЗ) бр. 2500/2001 на Советот

---

[1] Сл. весник на ЕУ C 139, 14.6.2006 год., стр. 1.

[2] Сл. весник на ЕУ L 375, 23.12.1989 год., стр. 11. Регулативата последно изменета со Регулативата (ЕЗ) бр. 2257/2004 (Сл. весник на ЕУ L 389, 31.12.2004 год., стр. 1).

[3] Сл. весник на ЕУ L 345, 19.12.1998 год., стр. 49. Регулативата последно изменета со Регулативата (ЕЗ) бр. 1045/2005 (Сл. весник на ЕУ L 172, 5.7.2005 год., стр. 78).

[4] Сл. весник на ЕУ L 161, 26.6.1999 год., стр. 68.

[5] Сл. весник на ЕУ L 161, 26.6.1999 год., стр. 73.

[6] Сл. весник на ЕУ L 161, 26.6.1999 год., стр. 87. Регулативата последно изменета со Регулативата (ЕЗ) бр. 2112/2005.

[7] Сл. весник на ЕУ L 68, 16.3.2000 год., стр. 3. Регулативата последно изменета со Регулатива (ЕЗ) бр. 769/2004 (Сл. весник на ЕУ L 123, 27.4.2004 год., стр. 1).

од 17 декември 2001 година во врска со претпристапната финансиска помош за Турција[1] и Регулативата (ЕЗ) бр. 2112/2005 на Советот од 21 ноември 2005 година во врска со пристапот до надворешната помош на Заедницата. Исто така, оваа Регулатива треба да ја замени Регулативата (ЕЗ) бр. 2666/2000 која престанува да важи на 31 декември 2006 година.

ЈА ДОНЕСЕ СЛЕДНАВА РЕГУЛАТИВА

НАСЛОВ I

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

*Член 1*

### Корисници и општа цел

Заедницата им помага на земјите наведени во Анексите I и II и на нивното прогресивно усогласување со стандардите и политиките на Европската унија, вклучувајќи го, онаму каде што е соодветно, и *acquis communautaire,* во поглед на членството.

*Член 2*

### Опсег

1. Помошта, онаму каде што е соодветно, се користи од страна на земјите-корисннички наведени во Анексите I и II како поддршка во следниве области:

(а) зајакнување на демократските институции и на владеењето на правото, вклучувајќи го и неговото спроведување;

(б) промовирање и заштита на човековите права и на основните слободи и зајакнато почитување на малцинските права, промоција на половата еднаквост и на недискриминацијата;

(в) реформи на јавната администрација, вклучувајќи го и воспоставувањето систем за децентрализирано управување со помошта наменета за земјата-корисничка, во согласност со правилата утврдени во Регулативата (ЕЗ, Евроатом) бр. 1605/2002;

(г) економска реформа;

(д) развивање на граѓанското општество;

(ѓ) социјална вклученост;

(е) мерки за помирување, градење на довербата и за реконструкција, и

(ж) регионална и прекугранична соработка.

2. За земјите наведени во Анекс I помошта, исто така, ќе се користи и за поддршка во следниве области:

(а) донесување и спроведување на *acquis communautaire,* и

(б) поддржување на развојот на политиките, како и на подготовките што се потребни за спроведување и за управување со заедничката земјоделска политика и со кохезионата политика на Заедницата.

3. За земјите наведени во Анекс II помошта, исто така, ќе се користи и за поддршка на следниве области:

(а) прогресивно усогласување со *acquis communautaire,* и

(б) социјален, економски и територијален развој, вклучувајќи ја, *меѓу другото*, и инфраструктурата и сродните инвестициски активности, особено во делот на регионалниот развој, развојот на човечки ресурси и руралниот развој.

*Член 3*

### Компоненти

1. Помошта се програмира и се спроведува во согласност со следниве компоненти:

(а) Помош за транзиција и институционална надградба;

(б) Прекугранична соработка;

(в) Регионален развој;

[1] Сл. весник на ЕУ L 342, 27.12.2001 год., стр. 1. Регулативата последно изменета со Регулатива (ЕЗ) бр. 2112/2005.

(г) Развој на човечки ресурси, и

(д) Рурален развој.

2. Комисијата гарантира координација и кохерентност на помошта дадена по различните компоненти.

3. Комисијата донесува правила за спроведување на оваа Регулатива, во согласност со постапката утврдена во членовите 4 и 7 од Одлуката 1999/468/ЕЗ. За таа цел, на Комисијата ќе и помага ИПА Комитетот од член 14(1).

Периодот утврден во член 4(3) од Одлуката 1999/468/ЕЗ се определува на два месеца.

*Член 4*

**Политичка рамка за помошта**

Според оваа Регулатива, помошта се обезбедува во согласност со општата рамка на политиката за претпристапување, утврдена со Европското партнерство и со Партнерството за пристапување, водејќи сметка за извештаите и за стратегискиот документ кои се составен дел од пакетот за проширување на Комисијата.

*Член 5*

**Информации за предлог-индикативни финансиски алокации**

1. Заради поддршка на стратегиското планирање, предвидено со член 6, Комисијата (на годишна основа) ги изнесува пред Европскиот парламент и пред Советот своите намери за финансиските алокации што ќе ги предлага за претстојните три години, во форма на повеќегодишна индикативна финансиска рамка, земајќи ја предвид финансиската рамка, како и за Европските партнерства, Партнерствата за пристапување, извештаите и за стратегискиот документ.

2. Оваа повеќегодишна индикативна финансиска рамка укажува на намерите на Комисијата за распределбата на средства по компоненти, земја и активност во повеќе земји. Таа се елаборирана врз основа на група објективни и транспарентни критериуми, вклучувајќи ги и анализата на потребите, апсорпциониот капацитет, почитувањето на условите и капацитетот за управување. Исто така, се води сметка за исклучителните мерки за помош или за времените програми за резултати донесени според Регулативата за основање на инструментот за стабилност.

3. Повеќегодишната индикативна финансиска рамка е составен дел од годишниот пакет за проширување на Комисијата, одржувајќи го притоа тригодишното планирање.

*Член 6*

**Планирање на помошта**

1. Во согласност со оваа Регулатива, помошта се обезбедува врз основа на повеќегодишните индикативни планирачки документи за секоја земја, изготвени во блиски консултации со националните власти, за тие да можат да ги поддржуваат националните стратегии и да ја гарантираат вклученоста и ангажираноста на дадената земја. Граѓанското општество и другите засегнати страни ќе се приклучат кога тоа ќе биде соодветно. Исто така, ќе се земат предвид и другите програми за помош.

2. За земјите наведени во Анекс I, помошта е врз основа пред сè на Партнерствата за пристапување. Помошта ги опфаќа приоритетите и целокупната стратегија, која е резултат на редовната анализа на ситуацијата во секоја од земјите, на коишто треба да се концентрираат подготовките за пристапување. Помошта се планира така што се води сметка за критериумите на Европскиот совет од Копенхаген од јуни 1993 година, како и за напредокот постигнат во донесувањето и во спроведувањето на *acquis communautaire,* но и на регионалната соработка.

3. За земјите наведени во Анекс II, помошта е врз основа пред сè на Европските партнерства. Помошта ги опфаќа приоритетите и целокупната стратегија, која е резултат на редовната анализа на ситуацијата во секоја од земјите, на коишто треба да се концентрираат подготовките за натамошната интеграција во Европската унија. Помошта се планира така што се води сметка за критериумите на Европскиот совет од Копенхаген од јуни 1993 година, како и за напредокот постигнат во спроведувањето на спогодбите за стабилизација и асоцијација, вклучувајќи ја и регионалната соработка.

4. Повеќегодишните индикативни планирачки документи укажуваат на индикативните алокации за главните приоритети во рамките на секоја од компонентите, водејќи сметка за индикативната анализа по земја и по компонента, онака како што е предложено во повеќегодишната индикативна финансиска рамка. Тие, исто така, ги утврдуваат, на соодветен начин, сите средства обезбедени за програми за повеќе земји и за хоризонталните иницијативи.

5. Повеќегодишните индикативни планирачки документи се утврдуваат врз основа на тригодишна перспектива. Тие се ревидираат на годишна основа.

6. Комисијата ги донесува повеќегодишните индикативни планирачки документи и нивните годишни ревизии, во согласност со постапката наведена во член 14(2)(а).

*Член 7*

**Програмирање**

1. Во согласност со оваа Регулатива, помошта се обезбедува преку повеќегодишни или годишни програми утврдени по земја и по компонента или, доколку е соодветно, по група земји или по тема, во согласност со приоритетите дефинирани во повеќегодишните индикативни планирачки документи.

2. Програмите ги утврдуваат посакуваните цели, полињата на интервенција, очекуваните резултати, управните постапки и вкупниот износ на планираното финансирање. Тие содржат резиме или опис на видовите операции што се финансираат, индикации за износите распределени по секој вид операција, како и индикативен распоред за спроведувањето. Онаму каде што е значајно, тие ги вклучуваат и резултатите од сето стекнато искуство од претходната помош. Целите се конкретни, релевантни и мерливи и имаат временски утврдени репери.

3. Комисијата ги донесува повеќегодишните и годишните програми, како и сите нивни ревизии, во согласност со постапките наведени во член 14(2).

НАСЛОВ II

## ПРАВИЛА ЗА ПОСЕБНИТЕ КОМПОНЕНТИ

*Член 8*

**Компонента за помошта за транзиција и за институционална надградба**

1. Компонентата за помош за транзиција и за институционална надградба им нуди помош на земјите наведени во Анекс I и II при исполнувањето на целите наведени во член 2.

2. Таа може, *меѓу другото*, да се користи и за финансирање на капацитетот и за институционална надградба, како и за инвестиции, доколку тоа не е опфатено со членовите 9 - 12.

3. Помошта од оваа компонента може, исто така, да го поддржи учеството на земјите наведени во Анекс I и II во Програмите на Заедницата и во агенциите. Исто така, може да се обезбеди помош за регионалните и за хоризонталните програми.

*Член 9*

**Компонента за прекугранична соработка**

1. Компонентата за прекугранична соработка може да ги поддржува земјите наведени во Анекс I и II при остварувањето на прекуграничната и, онаму каде што е соодветно, на транснационалната и на интеррегионална соработка меѓу нив самите и меѓу нив и земјите-членки.

2. Таквата соработка има за цел да ги промовира добрососедските односи, да ги негува стабилноста, безбедноста и просперитетот, како заеднички интерес на сите засегнати држави, и да го поттикнува нивниот хармоничен, урамнотежен и одржлив развој.

3. Во случај на прекугранична соработка со земја-членка, правилата за финансиски придонес на Европскиот фонд за регионален развој и оваа Регулатива се применуваат како значајни одредби на член 21 од Регулативата (ЕЗ) бр. 1083/2006 на Советот од 11 јули 2006 година за утврдување на општите одредби на Европскиот фонд за регионален развој, Европскиот социјален фонд и Кохезивниот фонд[1].

[1] Види страница 25 од овој *Службен весник*.

4. Соработката се координира со другите инструменти на Заедницата за прекугранична, транснационална и интеррегионална соработка. Во случај на прекугранична соработка со земја-членка, оваа компонента ги опфаќа регионите од двете страни на дадената граница или граници, независно од тоа дали се копнени или водни.

5. Во рамките на целите на овој член, оваа компонента може, *меѓу другото*, да се користи и за финансирање на градење на капацитети и институции, како и за инвестиции.

*Член 10*

**Компонента за регионален развој**

1. Компонентата за регионален развој ги поддржува земјите наведени во Анекс I при развивањето на политики, како и при подготовката за спроведување и за управување со кохезионата политика на Заедницата, особено при нивното подготвување за Европскиот фонд за регионален развој и за Кохезивниот фонд.

2. Особено може да придонесе кон финансирање на видови активности определени со Регулативата (ЕЗ) бр. 1080/2006 на Европскиот парламент и на Советот од 5 јули 2006 година во врска со Европскиот фонд за регионален развој[1] и Регулативата (ЕЗ) бр. 1084/2006 на Советот од 11 јули 2006 година за основање на Кохезивниот фонд[2].

*Член 11*

**Компонента за развој на човечки ресурси**

1. Компонентата за развој на човечки ресурси ги поддржува земјите наведени во Анекс I при развивањето на политики, како и при подготовките за спроведување и за управување со кохезивната политика на Заедницата, особено при нивното подготвување за Европскиот социјален фонд.

2. Компонентата за развој на човечки ресурси може да има особен придонес кон финансирањето на видовите активности определени со Регулативата (ЕЗ) бр. 1081/2006 на Европскиот парламент и на Советот од 5 јули 2006 година во врска со Европскиот социјален фонд[3].

*Член 12*

**Компонента за рурален развој**

1. Компонентата за рурален развој ги поддржува државите наведени во Анекс I при развивањето на политики, како и при подготовките за спроведување и за управување со заедничката земјоделска политика на Заедницата. Таа има особен придонес кон одржливото приспособување на земјоделскиот сектор и на руралните предели и кон подготвувањето на земјите-кандидатки за спроведување на *acquis communautaire* во врска со заедничката земјоделска политика и сродните политики.

2. Компонентата за рурален развој може да има особен придонес кон финансирањето на видовите активности определени со Регулативата (ЕЗ) бр. 1698/2005 од 20 септември 2005 година за поддршка на руралниот развој преку Европскиот земјоделски фонд за рурален развој (ЕАФРД) [4].

НАСЛОВ III

**УПРАВУВАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ**

*Член 13*

**Управување со помош, извештаи**

1. Комисијата е одговорна за спроведувањето на оваа Регулатива и таа ќе постапува во согласност со постапките наведени во член 14, како и во согласност со правилата за спроведување наведени во член 3(3).

[1] Види стр. 1 од овој *Службен весник.*
[2] Види стр. 79 од овој *Службен весник.*
[3] Види стр. 12 од овој *Службен весник.*
[4] Сл. весник на ЕУ L 277, 21.10.2005 год., стр. 1.

2. Според оваа Регулатива, активностите се управуваат, следат, проценуваат и се пишуваат извештаи во согласност со Регулативата (ЕЗ, Евроатом) бр. 1605/2002. Финансирањето на Заедницата може да се остварува преку финансиски спогодби помеѓу Комисијата и земјата-корисничка, договори за набавки или договори за грант со национални или со меѓународни тела од јавниот сектор или со физички и правни лица одговорни за спроведувањето на активноста или, пак, преку договори за вработување. За прекуграничните програми со земјите-членки, во согласност со член 9 од оваа Регулатива, задачите за спроведување можат да им се делегираат на земјите-членки и во тој случај тие се спроведуваат преку заедничко управување, во согласност со односните одредби на Регулативата (ЕЗ, Евроатом) бр. 1605/2002. Во случај на заедничко управување, управното тело работи во согласност со принципите и правилата предвидени во Регулативата (ЕЗ) бр. 1083/2006.

3. Комисијата може, исто така, да добива и да управува со средства од други донатори, како пренесен приход, во согласност со член 18 од Регулативата (ЕЗ, Евроатом) бр. 1605/2002 заради спроведување на активности со тие донатори.

4. Во благовремено оправдани случаи, Комисијата. во согласност со член 54 од Регулативата (ЕЗ, Евроатом) бр. 1605/2002, може да одлучи да ги предаде задачите на јавната служба, особено задачите за реализација на буџетот, или на телата наведени во член 54(2) од таа Регулатива. На телата дефинирани во член 54(2)(c) од таа Регулатива може да им бидат дадени задачи од јавен карактер, доколку тие се меѓународно признати, работат во согласност со меѓународно признатите системи на управување и контрола и ако се под надзор на јавна служба.

5. Буџетските обврски за активности кои траат повеќе од една финансиска година можат да бидат расчленети на неколку години, со годишни рати.

6. Секоја година Комисијата испраќа извештај до Европскиот парламент и до Советот за спроведувањето на помошта на Заедницата според оваа Регулатива. Извештајот содржи информации за активностите финансирани во текот на годината и за наодите од следењето и дава проценка на резултатите постигнати при спроведувањето на помошта.

*Член 14*

**Комитети**

1. Се основа ИПА Комитет составен од претставници на земјите-членки и со него претседава претставник на Комисијата. Тој ѝ помага на Комисијата во нејзината задача да обезбеди координација и кохерентност на помошта дадена по различните компоненти, во согласност со член 3(2).

ИПА Комитетот донесува свој Деловник за работа.

2.(а) Комисијата ги донесува повеќегодишните индикативни планирачки документи и нивните годишни ревизии, а на кои упатува член 6 од оваа Регулатива, како и програмите за помошта што треба да биде обезбедена според членовите 8 и 9 од оваа Регулатива и во согласност со постапката утврдена во членовите 4 и 7 од Одлуката 1999/468/ЕЗ. За таа цел, на Комисијата ќе ѝ помага ИПА Комитетот.

Периодот утврден во член 4(3) од Одлуката 1999/468/ЕЗ се определува на еден месец.

(б) Комисијата ги донесува програмите за помошта што треба да биде обезбедена според член 10 од оваа Регулатива, во согласност со постапката утврдена со членовите 4 и 7 од Одлуката 1999/468/ЕЗ. За таа цел, на Комисијата ѝ помага Координативниот комитет на фондовите споменати во член 103 од Регулативата (ЕЗ) бр. 1083/2006.

Периодот утврден со член 4(3) од Одлуката 1999/468/ЕЗ се определува на еден месец.

(в) Комисијата, откако ќе го консултира Комитетот предвиден со член 147 од Договорот за Европската заедница, ги донесува програмите во врска со помошта што треба да биде обезбедена според член 11 од оваа Регулатива, во согласност со постапката утврдена со членовите 4 и 7 од Одлуката 1999/468/ЕЗ. За таа цел, на Комисијата ѝ помага Координативниот комитет на фондовите споменати во член 103 од Регулативата (ЕЗ) бр. 1083/2006.

Периодот утврден во член 4(3) од Одлуката 1999/468/ЕЗ се определува на еден месец.

(г) Комисијата ги донесува програмите во врска со помошта што треба да биде обезбедена според член 12 од оваа Регулатива, во согласност со постапката утврдена во членовите 4 и 7 од Одлуката 1999/468/ЕЗ. За таа цел, на Комисијата ѝ помага Комитетот за рурален развој основан со член 90 од Регулативата (ЕЗ) бр. 1698/2005.

Периодот утврден во член 4(3) од Одлуката 1999/468/ЕЗ се определува на еден месец.

3. Одлуките за финансирање кои не се опфатени со повеќегодишните или со годишните програми ги донесува Комисијата, во согласност со постапката утврдена во став 2(а) од овој член.

4. Комисијата ги донесува измените на повеќегодишните и на годишните програми, како и одлуките наведени во став 3, доколку тие не значат суштински промени на природата на првобитните програми и активности и, што се однесува на финансискиот елемент, онаму каде што тие не надминуваат 20% од вкупниот износ предвиден за програмата или за споменатата активност, и тоа е предмет на ограничување до 4 милиони евра. Комитетот што го дава мислењето за првобитната програма или активност е информиран за сите одлуки во врска со измените.

5. Набљудувач од Европската инвестициска банка учествува во работата на Комитетот кога се разгледуваат прашањата што се од интерес за Банката.

*Член 15*

**Видови помош**

1. Помошта, во согласност со оваа Регулатива, може, *меѓу другото*, да финансира инвестиции, договори за набавки, грантови, вклучувајќи и субвенции за каматни стапки, посебни кредити, гаранции за кредити и финансиска помош, да биде поддршка на буџетот и на другите специфични форми на буџетска помош и да дава придонес кон капиталот на меѓународните финансиски институции или на регионалните развојни банки, со тоа што финансискиот ризик на Заедницата е ограничен до износот на тие фондови. Поддршката на буџетот е исклучителна, со прецизни цели и со упатни репери и зависи од администрацијата на јавните финансии на земјата-корисничка, во смисла на тоа таа да биде доволно транспарентна, сигурна и ефикасна и врз основа на добродефинирани секторски или макроекономски политики, во принцип одобрени од воспоставени меѓународни финансиски институции. Исплатата на буџетската поддршка е условена со задоволителен напредок кон постигнувањето на целите, во смисла на влијание и резултати.

2. Помошта може да се спроведува преку мерки за административна соработка во која се вклучени експерти од јавниот сектор на земјите-членки. Таквите проекти се спроведуваат во согласност со правилата за спроведување утврдени од Комисијата.

3. Помошта може, исто така, да се користи и за покривање на трошоците за учество на Заедницата во меѓународните мисии, иницијативи или организации кои се активни во интерес на земјата-корисник, вклучувајќи ги и административните трошоци.

4. Финансиите на Заедницата, во принцип, нема да се користат за плаќање даноци, царини или давачки во земјите-кориснички наведени во Анексите I и II.

*Член 16*

**Мерки за поддршка**

Помошта може, исто така, да се користи за покривање на трошоците за активности поврзани со подготовки, последователни активности, контроли, ревизии и проценки кои се неопходни за раководење со програмата и за постигнување на нејзините цели, особено за студии, средби, информации и публицитет, како и за други трошоци за административна и за техничка помош од кои Комисијата може да има корист при раководењето со програмата. Таа, исто така, ги опфаќа трошоците за административна поддршка за целите на пренесувањето на управувањето со програмите на пониско ниво во Делегациите на Комисијата во трети држави.

*Член 17*

**Спроведување на помошта**

1. Комисијата и земјите-кориснички склучуваат рамковни спогодби за спроведување на помошта.

2. Дополнителните спогодби што произлегуваат оттаму, а се во врска со спроведувањето на помошта, се склучуваат меѓу Комисијата и земјата-корисничка или нејзината служба за спроведување на помошта, доколку е тоа соодветно.

*Член 18*

**Заштита на финансиските интереси на Заедницата**

1. Која било спогодба што произлегува од оваа Регулатива содржи одредби со кои се гарантираат финансиските интереси на Заедницата, особено во однос на измамите, корупцијата и кои било други неправилности во согласност со Регулативата (ЕЗ, Евроатом) бр. 2988/95 на Советот од 18 декември 1995 година во врска со заштитата на финансиските интереси на Европските заедници[1]; Регулативата (ЕЗ, Евроатом) бр. 2185/96 на Советот од 11 ноември 1996 година во врска со теренските проверки и инспекциите спроведени од Комисијата заради заштита на финансиските интереси на Заедниците од измама и од други неправилности[2], и Регулативата (ЕЗ) бр. 1073/1999 на Европскиот парламент и на Советот од 25 мај 1999 година во врска со истрагите што ги прави Европското биро за борба против измама (ОЛАФ)[3].

2. Спогодбите предвидуваат Комисијата и Судот на ревизорите да имаат овластување да вршат ревизија, врз основа на документите и на самото место, на сите договорачи и поддоговарачи кои имаат добиено средства од Заедницата. Тие, исто така, предвидуваат Комисијата да добие итен пристап за вршење теренски проверки, како и инспекции во согласност со Регулативата (ЕЗ, Евроатом) бр. 2185/96.

3. Сите договори што произлегуваат од спроведувањето на помошта ги гарантираат правата на Комисијата и на Судот на ревизорите, како што е предвидено со став 2, за време на и по спроведувањето на договорите.

*Член 19*

**Правила за учество и потекло, квалификуваност за добивање грантови**

1. Сите физички лица кои се државјани на земјите-членки или сите правни лица кои се формирани во земјите-членки, земјата-корисничка на оваа Регулатива, земјата корисничка на инструментот „Европско соседство и партнерство“ или земјата-членка на Европскиот економски простор имаат право на учество во набавките или во договорите за добивање грантови финансирани според оваа Регулатива.

2. Исто така, право на учество во набавките или во договорите за добивање грантови финансирани според оваа Регулатива имаат сите физички лица кои се државјани или сите правни лица кои се формирани во која било друга држава освен во оние наведени во став 1 погоре, со што е воспоставен реципроцитетен пристап до нивната надворешна помош.

Реципроцитетен пристап до надворешната помош на Заедницата се воспоставува со помош на посебна одлука во врска со дадена земја или дадена регионална група земји. Таквата одлука ја донесува Комисијата, во согласност со постапката утврдена во член 14(2)(а), и таа стапува во сила за минимален период од една година.

Обезбедувањето реципроцитетен пристап до надворешната помош на Заедницата се базира врз споредбата на Заедницата и на другите донатори и се случува на секторско ниво или на ниво на цела држава, независно од тоа дали станува збор за донатор или за држава-примател. Одлуката за давање на овој реципроцитет на држава-донатор се базира на транспарентноста, доследноста и пропорционалноста на помошта обезбедена од тој донатор, земајќи ја предвид нејзината квалитативна и квантитативна природа. Земјите-кориснички се консултираат за процесот наведен во овој став.

3. Во набавките или во договорите за добивање грантови финансирани според оваа Регулатива можат да учествуваат и меѓународни организации.

4. Експертите предложени во контекст на постапките за доделување договори не мора да го исполнуваат условот за државјанство споменат во ставовите 1 и 2.

1 Сл. весник на ЕУ L 312, 23.12.1995 год., стр. 1.
2 Сл. весник на ЕУ L 292, 15.11.1996 год., стр. 2.
3 Сл. весник на ЕУ L 136, 31.5.1999 год., стр. 1.

5. Сите набавки и материјали купени во согласност со договор финансиран според оваа Регулатива мора да потекнуваат од Заедницата или од земја која се квалификува во согласност со ставовите 1 и 2. За целите на оваа Регулатива, поимот „потекло“ е дефиниран во односното законодавство на Заедницата за правилата на потеклото за цармински цели.

6. Комисијата, во благовремено оправдани и исклучителни случаи, може да го овласти учеството на физички лица кои се државјани или на правни лица формирани во други земји освен оние наведени во ставовите 1 и 2, или набавката на резерви и материјали со поинакво потекло од она утврдено во став 5. Исклучоците можат да се оправдаат врз основа на нерасположливоста на производите или услугите на пазарите на дадените земји при крајно итни случаи или доколку правилата за квалификуваност придонесуваат за тоа реализацијата на проектот, програмата или активноста да биде невозможна или премногу тешка.

7. Во согласност со член 114 од Регулативата (ЕЗ, Евроатом) бр. 1605/2002, физичките лица можат да добиваат грантови.

8. Кога Заедницата финансира операција спроведена преку меѓународна организација, учеството во соодветните договорни постапки е отворено за сите физички и правни лица кои се квалификувани според ставовите 1 и 2 како и за сите физички и правни лица кои се квалификувани според правилата на таа организација, притоа водејќи грижа сите донатори да добијат еднаков третман. Истите правила се применуваат и во однос на набавките, материјалите и експертите.

Кога Заедницата финансира операција која е кофинансирана од земја-членка со трета држава, предмет на реципроцитет, онака како што е утврдено во став 2, или со регионална организација, учеството во соодветните договорни постапки е отворено за сите физички или правни лица кои се квалификувани според ставовите 1, 2 и 3, како и за сите физички или правни лица кои се квалификувани според правилата на таа земја-членка, трета држава или регионална организација. Истите правила се применуваат и во однос на набавките, материјалите и експертите.

*Член 20*

**Кохерентност, компатибилност и координација**

1. Програмите и проектите финансирани во согласност со оваа Регулатива се конзистентни со политиките на ЕУ. Тие се во согласност со спогодбите склучени меѓу Заедницата и нејзините земји-членки со земјите-кориснички и ги почитуваат обврските од мултилатералните спогодби што тие ги потпишале.

2. Комисијата и земјите-членки гарантираат кохерентност меѓу помошта на Заедницата обезбедена според оваа Регулатива и финансиската помош обезбедена од Заедницата и од земјите-членки преку други внатрешни и надворешни финансиски инструменти и помошта обезбедена од Европската инвестициска банка.

3. Комисијата и земјите-членки гарантираат координација на нивните програми за помош, со цел да се зголеми ефективноста и ефикасноста во испораката на помошта во согласност со воспоставените насоки за зајакнување на оперативната координација на полето на надворешната помош и заради усогласување на политиките и постапките. Координацијата подразбира редовни консултации и често разменување на релевантни информации во текот на различните фази на циклусот на помошта, особено на ниво на областа, и претставува клучен чекор во процесот на програмирање на земјите-членки и на Заедницата.

4. Комисијата, во соработка со земјите-членки, ги презема сите неопходни чекори за да гарантира правилна координација и хармонизација, како и соработка со мултилатералните и со регионалните организации и ентитети, како што се меѓународните финансиски институции, агенциите на Обединетите нации, фондовите и програмите и донаторите кои не се дел од ЕУ.

*Член 21*

**Прекинување на помошта**

1. Почитувањето на принципите на демократијата, владеењето на правото и човековите и малцинските права, како и основните слободи, е основен елемент за примената на оваа Регулатива и за давањето помош во согласност со истата. Помошта на Заедницата за Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Република Македонија, Црна Гора и Србија, вклучувајќи го и Косово, е исто така предмет на условите дефинирани од Советот во неговите Заклучоци од 29 април 1997 година, особено во однос на потфатите на примателите да спроведуваат демократски, економски и институционални реформи.

2. Онаму каде што земјата-корисничка нема да ги почитува овие принципи или обврските содржани во односните партнерства со ЕУ, или онаму каде што напредокот во исполнувањето на критериумите за пристапување е незадоволителен, Советот, постапувајќи со квалификувано мнозинство, по предлог на Комисијата, може да преземе соодветни чекори во однос на која било помош дадена во согласност со оваа Регулатива. Европскиот парламент е целосно и итно информиран за која било одлука што е донесена во тој контекст.

*Член 22*

**Проценка**

Комисијата редовно ги проценува резултатите и ефикасноста на политиките и на програмите и ефективноста на програмирањето, со цел да утврди дали се исполнети целите и за да овозможи формулирање на препораки во поглед на подобрувањето на идните операции. Комисијата испраќа релевантни извештаи за процената до комитетите наведени во член 14, заради дискусија. Овие резултати се вградуваат во дизајнот на програмата и во распределбата на ресурсите.

НАСЛОВ IV

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

*Член 23*

**Статус на земјите-кориснички**

Доколку земја-корисничка наведена во Анекс II добие статус на кандидат за пристапување во ЕУ, Советот, постапувајќи со квалификувано мнозинство, а врз основа на предлог од Комисијата, ќе ја префрли таа земја од Анекс II во Анекс I.

*Член 24*

**Одредба за паралелно користење на инструменти**

Заради обезбедување доследност и ефикасност на помошта што ја дава Заедницата, Комисијата може да одлучи, врз основа на постапката наведена во член 14(2)(а), дека некои трети држави, територии и региони можат да имаат корист од активностите од оваа Регулатива, доколку дадениот проект или програма има регионален, прекуграничен, транснационален или глобален карактер. На тој начин, Комисијата се стреми кон тоа да го избегне удвојувањето во однос на другите инструменти на надворешната финансиска помош.

*Член 25*

**Преодни одредби**

1. Регулативите (ЕЕЗ) бр. 3906/89, (ЕЗ) бр. 2760/98, (ЕЗ) бр. 1266/1999, (ЕЗ) бр. 1267/1999, (ЕЗ) бр. 1268/1999, (ЕЗ) бр. 555/2000, (ЕЗ) бр. 2500/2001 и (ЕЗ) бр. 2112/2005 се укинуваат од 1 јануари 2007 година.

Овие регулативи, како и Регулативата (ЕЗ) бр. 2666/2000, и натаму се применуваат за правни акти и обврски при реализацијата на буџетските години пред 2007 година и за спроведувањето на член 31 од Актот во врска со условите за пристапување на Република Бугарија и Романија и на приспособувањата на Договорите врз коишто е основана Европската унија[1].

2. Доколку се неопходни посебни мерки за забрзување на транзицијата од системот воспоставен со Регулативите (ЕЕЗ) бр. 3906/89, (ЕЗ) бр. 2760/98, (ЕЗ) бр. 1266/1999, (ЕЗ) бр. 1267/1999, (ЕЗ) бр. 1268/1999, (ЕЗ) бр. 555/2000, (ЕЗ) бр. 2666/2000 или со Регулативата (ЕЗ) бр. 2500/2001 кон оној систем воспоставен со оваа Регулатива, таквите мерки ги донесува Комисијата, во согласност со постапките наведени во член 14 од оваа Регулатива.

*Член 26*

**Финансиски упатен износ**

Упатениот финансиски износ за спроведување на оваа Регулатива за периодот од 2007 до 2013 година е 11.468 милиони евра. Годишните средства ги одредуваат надлежните за буџет, во рамките на ограничувањата на финансиската рамка.

*Член 27*

**Ревизија**

До 31 декември 2010 година Комисијата доставува извештај до Европскиот парламент и до Советот за проценка на спроведувањето на оваа Регулатива во првите три години и, доколку е соодветно, доставува законодавен предлог за воведување на неопходните измени на оваа Регулатива.

*Член 28*

**Влегување во сила**

Оваа Регулатива влегува во сила на денот по нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската унија*.

Се применува од 1 јануари 2007 година до 31 декември 2013 година.

Оваа Регулатива е целосно обврзувачка и е директно применлива во сите земји-членки.

Брисел, 17 јули 2006 година

*За Советот,*
*Претседател*
Е. ТУОМИОЦА

[1] Сл. весник на ЕУ L 157, 21.6.2005 год., стр. 203

*АНЕКС I*

– Хрватска
– Турција
– Република Македонија

*АНЕКС II*

– Албанија
– Босна
– Црна Гора
– Србија, вклучувајќи го и Косово [1]

[1] Како што е дефинирано во Резолуцијата на Советот за безбедност на ОН 1244.